**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС**
**БИТОЛА**

Врз основа на член 172, член 173, член 167 ставови (1) и (3), член 175, член 176 ставови (3) и (4) и член 177 од Законот за високото образование, член 17 од ПРАВИЛНИКОТ за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно - стручни звања и демонстратори на БАС, како и одлуката на Наставничкиот совет на БАС за распишување конкурс за нов избор на наставник бр. 02-122/7 од 10.09.2026г. година, Бизнис академија Смилевски – БАС распишува:

# К О Н К У Р С

## за избор на наставници во наставни звања

**1. Еден наставник во наставно звање – предавач, виш предавач или професор на висока стручна школа, во научната област „Менаџмент и бизнис“, со полно работно време**

За оваа позиција се спроведува избор во наставно звање и засновање работен однос, согласно Законот за високото образование, Статутот на БАС и Правилникот за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни и наставно-стручни звања на БАС.

**Кандидатите треба да ги исполнуваат општите и посебните услови предвидени со законските и интерните акти на БАС, зависно од наставното звање за кое ги исполнуваат условите.**

**2. Еден наставник за ИЗБОР ВО ПОВИСОКО НАСТАВНО ЗВАЊЕ – ПРОФЕСОР НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА, во научната област „Менаџмент и бизнис“, со полно работно време.**

За оваа позиција се спроведува избор во повисоко звање на лице кое претходно било избрано во звањето виш предавач..

**Кандидатот за избор во звање професор на висока стручна школа треба да ги исполнува условите од Законот за високото образование и Правилникот на БАС, а особено:**

Да има научен степен доктор на науки;

- Да има објавено научни и стручни трудови по изборот за виш предавач на висока стручна школа во соодветната област
- Да има остварено просечен успех од најмалку 8.00 (осум) на студиите од прв и втор циклус за секој циклус посебно;
- Покажува способност за наставна и високостручна работа по изборот виш предавач. Односно, да има добиено позитивна оценка (не помала од 3 на скала од 1 до 4) при семестралната евалвација за квалитетот и изведбата на наставникот за време на наставата.
- Да има учествувано на стручни, научни собири (симпозиуми, конференции и сл.) и други настани (форуми, трибини, панели, дебати и сл.) организирани од страна на БАС

### Документација за пријавување

Кандидатите доставуваат пријава со јасна назнака за позицијата за која конкурираат, биографија, мотивационо писмо, докази за завршено соодветно образование, уверение за државјанство, уверенија/додатоци на диплома од кои може да се утврди просечниот успех, список на објавени научни и стручни трудови и примероци/линкови до трудовите, како и други докази релевантни за исполнување на законските и интерните услови.

За позицијата под точка 2 дополнително се доставуваат доказ за претходен избор во звањето виш предавач, доказ за стекнат научен степен доктор на науки и докази за најмалку шест научни/стручни трудови објавени по изборот во звањето виш предавач

### Пријавување и рокови

Конкурсот трае 8 (осум) дена од денот на објавувањето во дневниот печат. Ненавремени и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

Документите може да се доставaт електронски на: ana.hristovski@bas.edu.mk, по пошта или лично во БАС, на ул. „Херцег Нови“ бр. 6, Битола. Лице за контакт: тел. 078 316 273.

Постапката по јавниот конкурс се спроведува согласно Законот за високото образование и важечките акти на БАС и треба да заврши во законски утврдениот рок.

**Бизнис академија Смилевски – БАС**
**Директор**
**Проф. д-р Гордана Тасевска**